ИВАН КАТАРЏИЕВ

# СЕРСКИОТ САНЏАК ОД КРАЈОТ НА XVIII ВЕК ДО 1879 ГОДИНА

## *Општествено политички и културен преглед*

Дисертацијата „Серскиот санџак од крајот на XVIII век до 1879 год. Општествено-политички и културен преглед" стр. 380. од Иван Катарџиев одбранета на 7 јули 1959 година на Филозофскиот факултет во Скопје, пред комисијата во состав: проф. Д-р Харалампие Поленаковиќ, проф. Димитар Митрев и проф. Љубен Лапе, е поделена на пет глави.

Во првата глава „Краток осврт на положбата во Турција во првата половина на XIX век" е направен обид да се даде еден обопштен преглед воопшто на положбата на Турција, внатрешна и надворешна во определениот период со цел да се изврши извесен пресек на условите и ситуацијата, во која живееле поробените народи, за да може по тоа читателот полесно да се ориентира во процесот на историскиот развој во Серскиот санџак.

Втората глава „Административните граници на Серскиот санџак во XIX век" е поделена на два дела. Во првиот во општи црти е даден географски преглед на областа која кон 70-те години на XIX век била оформена како Серски санџак, додека во вториот дел е направен демографски преглед на населението што ја населувало областа.

Од демографскиот преглед може да се види негрижата на турската статистика воопшто, да има еден релативен преглед на населението, што доаѓало и од стремежот да се скрие бројноста на нетурскиот елемен над турскиот, а исто така и огромноста и разнородноста на литературата, што ги третира демографските проблеми во областа. Овој, последниот, момент резултира од шовинистичките аспирации на соседните балкански буржоазии, особено грчката и бугарската, кои настојувале да докажат дека основното население во областа било грчко односно бугарско. Кон тие основни тенденции на двете странски шовинистички пропаганди се присоединувале и разните странски научници, поради што е создадена состојбата во која е тешко да се, открие релативно вистинскиот однос на населението. Сепак и покрај сите збрки што се создадени од пропагандите може да се утврди дека основната маса во областа ја сочинувал македонскиот елемент. На пример спрема, К'нчев Васил, чија книга „Македонија етнографија и статистика" се смета

за најблиска до вистината, во крајот на XIX век во Серскиот санџак живееле во 628 населени места 413.593 души од кои 211.959 биле Македонци, 42.667 помаци (муслиманизирани Македонци), 83.186 Турци, 1.710 Черкези, 46.550 Грци, 8.633 власи, 2.790 евреи, 11.811 цигани, 4.420 Турци христијани. Тоа значи дека половината од населението било македонско, а останалото од други народности.

Третата глава ,,Положбата во Серскиот санџак во првата половина на XIX век" ја третира политичката и стопанска состојба во санџакот, почнувајќи од 80-те години на XVIII век до половината на XIX век. Тоа е направено со оглед на целта да се покаже степента на општествениот развој на словенското, македонското население непосредно пред појавата на преродбенското движење, а оттаму да се истакнат порељефно причините за учеството односно неучеството на македноскиот народ во црковно — просветното движење.

Четвртата глава ,,Културно-просветните прилики во Серскиот санџак во XIX век до 1878 год." го третира развојот на просветата во XIX век воопшто во Македонија, и конкретно во Серскиот санџак. Развивањето на просветата во источна Македонија е сврзано со развојот на производните сили и трговијата во истиот период во областа како и со влијанието на странските пропаганди поради што е овој проблем поделен на три дела: I просветното движење до 1860 год., II просветното движење и пропагандите од 1860 до 1870 год. и III просветното движење од основањето на Егзархијата до 1878 г.

Од разгледувањето на првиот дел, т. е. на периодот до 1860 год. излегува дека просветното движење во Серскиот санџак во овој период се развивало во неговите северни делови, кои по својот општ економски развој стоеле во понапредната положба од рамничарските краишта на Санџакот. Освен тоа самиот развој на просветата укажува на извесна континуелност во поглед на продолжувањето на традицијата на ќелијното образование, во кое постепено навлегувале световни предмети сврзани со потребите на трговијата. Од тоа, се разбира не треба да се извлекува заклучок дека развојот на просветата во тие краишта, т. е. во Банско, Г. Џумаја и Неврокопско одел независно од надворешни влијанија. Напротив, такви имало, како што било на пример, влијанието на југословенските просветители од територијата на бивша Австрија, со кои доаѓале во врска банскалиските трговци, но тие влијанија не го нарушувале самобитниот карактер на месните просветни установи особено во Разлошко и Г. Џумајско.

Периодот од 1860 до 1870 се карактеризира со развојот на црковно-просветната борба воопшто во Турската империја и конкретно во санџакот. Во прегледот е покажано дека најжестоко таа борба се одвивала во Неврокопско. Во врска со развојот на црковно-просветната борба во овој период интересна е и улогата на странските фактори кои влијаеле за развојот на истата сред македонскиот народ. Во тој поглед особено заслужува внимание улогата на Стефан Верковиќ, кој се појавува како првостепен фактор во поттикнувањето на иницијативата на борбата против Патријаршијата во Серско, Мелничко, Петричко, и најмногу во Неврокопско. Воопшто улогата на Верковиќ е интересна и од гледна точка на конкуренцијата на пропагандите на теренот, кои особено биле незадоволни од неговата активност.

Третиот дел од овој период што го опфаќа времето од 1870 до 1878 год. е сврзан со создавањето на бугарската Егзархија. Типичното за него е успешното приведување помалку или повеќе, на црковната борба кон крај,, скоро во целиот санџак, но сепак не толку за да може да ја отфрли наполно власта на Патријаршијата. Освен тоа, за овој период е карактеристична и појавата на отпор против наметнувањето на бугарскиот јазик и просвета во Македонија. Овој случај е од нарочен интерес, бидејќи тој се појавува, колку што е познато досега најрано во Источна Македонија и уште во самоит почеток на црковната борба на Македонци и Бугари. Во себеси тој ги одразува националните стремежи на македонскиот народ. Носител на оваа иницијатива уште во крајот на четвртото десетилетие на XIX век бил Никола Поп-Филипов од Банско. Оваа негова иницијатива против наметнувањето на бугарскиот јазик во Македонија за создавањето на еден заеднички, врз основа на двата, литературен јазик, во седумдесетите години била изразена далеку порадикално преку стремежот за отфрлањето на егзархиската цр ковна хиерархија и создавањето на самостојна македонска унијатска црква, во која службениот јазик би бил македонски. Носител на овие стремежи, кон кои се присоединила цела јужна Македонија била по тврдењето на Славејкое групата околу селскиот поп Харитон од неврокопското село Либјахово.

Петата глава ,,Кресненското востание во Серскиот санџак во 1878 година" е последна во одбранетата дисертација. Во неа е истакнат паралелниот развој на црковно-просветната борба од средината на XIX век со појавата на оружениот отпор под форма на ајдутсвтовто, против насилијата и експлоатацијата, кој имал спонтан и непостојанен карактер до кај 1876 год., но кој бил во постојанен прогресивен развој.

Овој отпор во Македонија особено се развил во периодот на националреволуционерните движења кај балканските народи; востанието во Босна и Херцеговина 1875 год. и Априлското востание во Бугарија 1876 год. изразувајќи се во познатата Разловечка буна од 1876 год. во Пијанечката област на источна Македонија.

Заострувањето на меѓународната положба на Турција и, потоа, војната со Србија од 1876 год. и Руско-турската војна во 1877—78 год. предизвикале уште поголемо раздвижување во Македонија, што се гледа и од големиот број на македонски доброволци во српскатата и руска војска чиј број достигнувал до 1000 опolченци. Ова раздвижување во Македонија во 1878 год. се изразило во избувнувањето на Кумановското и, потоа, на Кресненското востание.

По свјоата масовност, карактер и времетраење Кресненското востание е едно од најинтересните селски движења кај нас непосредно пред појавата на ВМРО. Продукт на редица причини од внатрешен и меѓународен карактер Кресненското востание по својот развој ги изрази сите елементи на едно самобитно македонско народно востание без оглед на извесни влијаније од надвор. До каква степен тоа останало верно на своите стремежи и покрај надворешните влијанија и аспирации во него, сведочи крвавиот судир меѓу раководителите на востанието од теренот и Благотворителниот комитет од Горна Џумаја, којшто бил изразител на интересните на бугарската буржоазија. Тоа се гледа уште и во самата организација на востанието со-

здадена од самите востаници по елиминирањето влијанието на спомнатиот комитет. Кресненското востание во исто време е и првото народно движење пред создавањето на ВМРО кое извршило извесно поврзување меѓу македонскиот народ во неговиот национален развој. Во него учествувале Македонци од цела Македонија. Тоа наишло на широк одзив сред македонската емиграција во Романија и Србија, како и сред останатите јужнословенски народи.

Рекапитулирајќи го целокупниот развој на Серскиот санџак во одбранетата дисертација во текот на XIX век до Кресненското востание, може сосема слободно да се заклучи, дека тој претставува еден единствен процес во историсјкиот развој на македонскиот народ, од овој дел на Македонија, со своја логика и стремежи, чијашто врвна точка, со изразените во него самобитни елементи, како и во црковно-просветното движење, претставува Кресненското востание.

Меѓутоа од изнесениот материјал и направениот заклучок се подвлекува дека разгледуваната област т. е. Серскиот санџак, не се оформувала независно од другите делови на Македонија. Дека тоа не било така, најдобро сведочи економското стремежи на овој дел на Македонија кон својот природен центар Солун со што се создавале услови за создавањето од Македонија една единствена економска, а потоа и политичка целост. За тоа сведочат и многубројните врски на оваа област со другите делови на Македонија.

*Ivan Katardžiev*

## LE SANDJAK DE SERES DEPUIS LA FIN DU XVIII-e SIECLE JUSQU'EN 1879

### *Etude sociale, politique et culturelle*

Le thèse de Ivan Katardžiev, intitulee *Le sandjak de Sérès depuis la fin du XVIII-e siecle jusqu'en* 1879 et soutenue à la Faculté de Philosophie de Skopje le 7 juillet 1959 devant le jury composé de d-r Haralamp̣e Polenaković, prof. Dimitar Mitrev et prof. Ljteben Lape, est divisée en cinq chapitres. Dans le premier qui est intitulé *La situation en Turqui dans la première moitié du* XIX-*e siecle* est examinée sommairement la situation générale de l'Etat turc dans cette période. Le chapitre II, intitulé *Frontières administratives du sandjak de Sérès au* XIX-*e siecle*, est divisé en deux parties: dans la première est examinée la situation géographique de la région, tandis que dans la deuxième partie est étudiée la structure démographique du sandjak. L'auteur y affirme que dans les 628 localités de la région il y avait, vers la fin du XIX-e siècle, 413.593 habitants dont 211.959 étaient des Macédoniens. Dans le chapitre III, intitulé *La situation dans le sandjak de Sérès dans la premiere moite du* XIX-*e siecle*, l'auteur étudie la situation économique de la région et s'occupe plus particulièrement de l'institution dite „čifligarstvo" qui embrassait un quart de la population entière des villages macédoniens. Le chapitre

IV, dont le titre est *La situation culturelle dans le sandjak de Sérès au* XIX-*e siècle jusqu'en* 1879, étudei le développement de l'instruction publique dans la région. L'auteur y fait une large part à la lutte pour une instruction et une église nationales et plus particulièrement à l'activité de Nikola Filipov, du village de Bansko, et du groupe du pope Hariton de Libjahovo, qui luttaient contre l'imposition de la langue et de l'hiérarchie ecclésiastique bulgares, pour la création d'une église indépendante macédonienne. Le chapitre V, intitulé *L'insurrectionn de Kraesnen dans le sandjak de Sérès de* 1878, est le dernier. L'auteur y étudie les causes de cette insurrection, son évolution et sa fin. Il fait souligner que l'insurrection de Kresnen avait éclatée tant contre la domination turque que contre les aspirations de la bourgeoisie bulgare en Macédoine.

A la fin, l'auteur conclue que l'insurrection de Kresnen marque le point culminant de toute l'évolution économique et sociale du sandjak de Sérès et de la Macédoine en général au cours du XIX-e siècle.